ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број,Numer 0302-19745/1
Дата,Date 29 -12- 2017
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 31 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а во врска со член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, донесе

# О Д Л У К А

## за определување службени лица за посредување со информации од јавен карактер

### Член 1

Како службени лица за посредување при оставарувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага ЈП Водовод и канализација –Скопје како имател на информации, се определуваат работниците:

1. МИТКО ГАЦОВСКИ
2. БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ
3. ДРАГАН ПАНЧЕВСКИ

### Член 2

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер контактираат и ги даваат потребните информации од јавен карактер со кои располага ЈП Водовод и канализација –Скопје согласно листата на информации утврдена со одлука и им помага на барателите на информации во остварувањето на своите права согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, други закони и актите на претпријатието.

Службените лица се должни да водат посебна евиденција за примените барања, чувањето и давањето на информациите согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, други закони и актите на претпријатието.

### Член 3

Службеното лице за посредување со информации, по добивање на барањето, формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до Директорот на претпријатието да се даде целосна или делумна информација, или да се одбие барањето за пристап до информации

согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Директорот на претпријатието или лице овластено од него, соработува со службените лица за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Одлуката да се објави на веб страната на ЈП Водовод и канализација –Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила и ќе се применува од 01.01.2018 година.

**Член 6**

Со влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Решението за определување лица за посредување со информации од јавен карактер Бр.0302-1743/1 од 03.02.2016 година.

ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
в.д. Директор
м-р Душко Весковски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ * NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ
SHKUP

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именованите
- Архива на директор
- Архива

Изработил: Убавка Бачева
Контролирал: Дарко Доневски
Одобрил: Ѓорѓи Бошковски